**Р е п у б л и к а С е в е р н а   М а к е д о н и ј а**
**ОПШТИНА   СТРУМИЦ А**
ул. “Сандо Масев”  бр.1  2400 Струмица Македонија
подцентрала: 348-026, факс 320-544
www.strumica.gov.mk

1

ЗАПИСНИК
од одржан десети работен состанок на ЛСП во Струмица

| | | | |
|---|---|---|---|
| Бр. | Име и Презиме | Работно место | Институција |
| 1 | Ѓорги Аризанов | Инспектор за патен сообраќај | Општина Струмица |
| 2 | Томе Весев | Началник | СВР Струмица |
| 3 | Виолета Милчева | Јавен обвинител | ЈО Струмица |
| 4 | Бранко Куртович | Помошник раководител | ПСШ Беласица |
| 5 | Иван Стаменовски | Раководител ЈП Паркиралишта | ЈП Паркиралишта |
| 6 | Тимо Љачев | раководител | Шумска Полиција |
| 7 | Сузана Стојкова | В.Д Директор | ЈПЗБК Стационар Лана |
| 8 | Зоран Узунов | Просветен инспектор | Општина Струмица |
| 9 | Билјана Иванова | Комунален редар | Општина Струмица |
| 10 | Зорица Партенова | Инспектор за животна средина | Општина Струмица |
| 11 | Николчо Стоилов | Рако.Инспекциско одделение | Општина Струмица |
| 12 | Христо Гогов | Кандидат за инспектор | Општина Струмица |
| 13 | Трајче Митев | пожарникар | ТППЕ Струмица |
| 14 | Ѓорги Танушев | Советник | Совет на О.Струмица |
| 15 | Марјан Донев | Раководител | ЈПКД Комуналец |
| 16 | Илија Илиев | Советник | Совет на О.Струмица |
| 17 | Ристо Лазаров | Трудов инспектор | ДИТ Струмица |
| 18 | Тања Дедејска | Трудов инспектор | ДИТ Струмица |
| 19 | Ристо Ичков | ветеринар | АХВ |
| 20 | Ване Велков | секретар | Основен суд |
| 21 | Кирил Арапов | Началник на ОП | СВР Струмица |
| 22 | Оливер Ристов | Началник на превенција | СВР Струмица |
| 23 | Александар Ненчев | Советник | Совет на О.Струмица |
| 24 | Бранко Георгиев | раководител | ЈПКД Комуналец |
| 25 | Марјан Димчев | Командир на ПС, БПС | СВР Струмица |

Време и место на одржување:
Датум: .28.12.2022 година (среда).
Време: од 12:00 до 13:00 часот.
Место: Дом на АРМ Струмица.
Изготвил: Ѓорги Аризанов Општински инспектор за патен сообракај ( Секретар на ЛСП).

ДНЕВЕН РЕД

1.Записник од девета конференција на ЛСП.

2. Бесправна сеча и трговија на дрвја на подрачје на Општина Струмица.

3.Нелиценцирани превозници, диви таксисти во Општина Струмица.

4.Состојба со аерозагадување во Општина Струмица.

5.Труење на кучиња во Општина Струмица

6. Разно и Заклучоци.

Белешки по точките од дневниот ред.

Конференцијата ја отвара секретарот на ЛСП Ѓорги Аризанов кој даде воведен дел во своето излагање како и го прочита дневен ред.

**Ѓорги Аризанов:**

**Точка. Записник од деветта конференција на ЛСП.**

**Ѓорги Аризанов:** Почитувани присутни записникот од деветтата конференција на Локалниот совет за превенција ви беше доставен во електронска форма на вашите емаил адреси. Дали има некој од присутните да побара збор и да дискутира во врска со записникот и заклучоците од деветата конференција.

**Ѓорги Аризанов:**

**Точка. Бесправна сеча и трговија на дрвја на подрачје на Општина Струмица**

**Тимо Љачев:** Ние како Шумска полиција секо ден излегуваме на терен и во рамките на нашите законски и логистички способности постапуваме. Морам да напоменам дека имаме сукоп на надлежности и да кажам дека надлежност на чување на шумите припаѓа на шумочуварите.

Ние имаме осум луѓе кој се многу малку да го покријат теренот и потребно е да се направи распределба на надлежностите. Голема обврска имаат шумочуварите во чувањето на шумите. Исто така сакам да напоменам дека имаме и голем проблем со одземената дрвна маса, немаме шлеп служби и потребно е физички индивидуални луѓе да ангажираме при таквите акции. Не сите дрвја што влегуваат во населените места, се бесправно исечени. Имаме и легален фонд на дрвна маса и лично сметам дека нема организиран криминал во

делот на дрвната маса. Инаку поради немање на електрична енергија во нашите службени простории не бев во можност да доставам на писмено колку предмети има за тековната 2022 година во делот на прекршоци.

А во делот на плодни дрвја немаме надлежност бидејки работиме по закон за шуми.

**Бранко Куртович:** Голема тема што многу треба да се дискутира. Ние се бореме со напади во шума, ако не е МВР и Шумската полиција шумочуварите рачунајте ги само како бројка. Струмичкиот реон е многу голем реон,секогаш проблем има каде што има малцинство. Над 50 илјади кубни метри му е потребен на градот за да се задоволат побарувањата на градот, а капацитетот на подружницата е 30 илјади кубни метри. Дополнително имаме потреба и од ангажман на приватни лица. Немаме сопствени секачи, дотурачи и слично и кога имаме акции без вклучување на приватни лица не успеваме да ги завршеме акциите сами.

**Ѓорги Аризанов:** Потребно е да се изврши заедничка акција со МВР – Шумска полиција и Шумочувари од ПШС Белацица.

**Томе Весев:** Јас како началник на МВР сакам да кажам дека нема од вас иницијатива за спроведување на одредени акции. Ние како полиција немаме можност се да завршеме. Акцијата што беше деновиве информацииите ни доаѓаат од други места па направивем акција пустошење на шуми. Неможеме ние да бидеме двигатели како полиција а другите декор, тоа НЕ.

**Виолета Милчовска:** Не ги сваќам негативно, стариот закон беше подобар, дали ќе има слух да се врати законот незнам. Дали има малку шумочувари незнам. Порано имаше многу пријави, а сега нема. Според ЕУ треба пропорционалност во казната, неможе за 1 или 2 кубика дрвја да се одзема камион што е прилично скап.

**Тимо Љачев:** Специјана единица потребно е да има за нас. Иницирав акција во Валандово на располагање имав само двајца.

**Ѓорге Танушев:** Од законот до тоа што правиме сега или што превземаме сега за да спречиме пустошење на шумите. Ако имаме потреба од 50 илјади кубни метри, а задоволуваме 30 тоа за мене значи дека 20 илјади кубни се организиран криминал. До нас како Здрава котлина има снимки, дали ке се користат како доказ. На планината Огражден ги имаме снимено,дрвокрадците бегаат назад. Да се истражува потеклото на дрвјата.

**Тимо Љачев:** Заштита оди според следен редослед нај првин во шума, потоа по патиштата и на крај како трета алтернатива е дома. Нај малку сакаме да влегуваме по дома, бидејки има ранлива категорија луѓе, пензионери и слично. Овај проблем за мене е општествен.

**Тања Дедејска:** Сакаам да предложам за точка за следната ЛСП превенција а тоа да биде дрвосечачки машини и нивното присуство на патиштата.
Дали имаме капацитет да ги собереме на една површина да ги класифицираме и да не ја загрозуваат безбедноста во сообраќајот.

**Точка. Нелиценцирани превозници или диви таксисти на подрачје на Општина Струмица**

**Ѓорги Аризанов:** Почитувани јас како инспектор за патен сообраќај во Општина Струмица сакам да дадам мој краток извештај. Овде со нас има присутни и авто такси превозници,

добро би било да са дискутира се со цел да се намали бројот на дивите превозници. Точката е иницирана поради воведувањето на еколошки јавен градски превоз. Во моето работење заедно со МВР имам остварено 110 Записници од извршен инспекциски надзор, 57 Решениа, 60 Контролни записници, 20 спроведени постапки за порамнување од кој 18 се пратени до второ степена комисија за поведување на прекршочна постапка и 2 ца платиле.Би потенцирал дека кај правните субјекти нема големи неправилности во работењето при што општина Струмица има издадено повеќе од 350 извод од лиценци. Главниот проблем и негативната слика ја прават одредена група на таксисти кој нивните прекршоци ги повроруваат повеќе кратно. Поради тоа на иницијатива на општина Струмица имавме работна средба со 11 општини на која средба беа присутни инспекторите за патен сообраќај. Преку мрежата на сообраќајни инспектори во ЗЕЛС ке се направи обид да се корегират одредени законски регулативи за да ни се олесни практичната теренска работа.

**Точка. Состојба со аерозагадување во Општина Струмица**

**Ѓорге Танушев:** Граѓаните се главен виновник во аерозагадувањето. Тоа што не сакаме да го видеме или да реагираме навреме сите ќе плачеме за постапките. Проблемот со горењето кабли го решивме, не е исто да гореме дрвја или кабли.

**Зорица Партенова:** Јас како инспектор за животна средина активно излегувам на терен, но еден од проблемите со кој се соочувам е тоа што не можам да влезам во домаќинствата бидејќи немам надлежност. Мерењата кај субјектите ги извршува иста фирма ние немаме мерен инструмент за аерозагадувањето и затоа резултатите се такви. Но од теренските контроли реално фирмите се педантни и не горат материјал кој загадува. Загадувањето не е од правните субјекти.

**Ѓорге Танушев:** Порано немаше инспектор за животна средина, да не бидам погрешно сватен дека вината е на инспекторите. Добро е што има и што се вршат напори за да се решават тие проблеми.

Ќе дојдат Швеѓани,ќе имаме студија и ќе се мери на повеќе места во градот, точно ќе се знае во кој дел од градот се врши загадување и од што се појавува тоа загадување.

**Томе Весев:** За една година овој проблем неможеме да го решиме.

**Тања Дедејска:** Без студија и без бројки нема да може да го решиме овој проблем. На телефоните се нереални бројките, нема мерен инструмент, нема дијагноза, потребно е студија со анализа на стручни лица и инженери за отстранување на воздухот инаку на друг начин нема резултат.

**Бранко Георгирев:** Потребно е да се изврши контрола и обиколка околу оранжериите во атарот на с.Банско. Таму се гори разновиден горлив отпад.

**Марјан Донев:** Се согласувам со колегата за оранжериите, потребно е и таму да се контролира и да се контролират фирмите авто механичарите да се утврди и тие каков отпад горат.

**Точка. Труење на кучиња во Општина Струмица**

**Сузана Стојкова:** Јас како одговорно лице во стационарот ве повикувам да ми помогнете во делот на откривање и набавување на отровите од земјоделскита аптеки кој се користи за да се изврши самиот чин на труење на кучињата.

**Наталија Иванова:** Дали кога ќе најдете отровено куче пријавувате во МВР? Јас сметам дека поради не пријавување на кучињата имаме таква слика. Имаме докази за 30 отруени кучиња.

**Томе Весев:** Доказ нам ни е потребен дека се работи за тоа, потребен е и ветеринар, потребни се соодветни докази се соочуваме со комплексен проблем и не е целта оти некој не ги сака кучињата, туку проблем во водење на самата постапка за делата. Но проблемот е комплексен и граѓаните се чувствуваат загрозени и поради тоа фрлат отров.

Да ви објаснам на сите вас за да не ја барате вината во полицијата ние таков предмет го водеме по член оштетување на туѓи предмети и за да постапиме потребни ни се докази, немаме обврска и не може да превземаме се додека не се формират докази за тоа. Да не заборавваме дека согласно Европската конвенција приоритет има човекот. И јас имам дете и не смеам триста метри пешки да го пуштам до градинка или школо. Овај проблем е таков бидејки ние како институции не сме способни сами да го решиме, па граѓаните сами си го решаваат проблемот.

**Ристо Ичков:** Да го разгледаме законот за благосостојба на животните. За случајот кај Зендолино имаме записник имаме настан со 40 отровени кучиња.

**Томе Весев:** Не постои кривично дело за труење на кучиња. Тоа е постапка за уништување и оштетување на туги предмети и е приватна постапка. Не можеме да се разбереме за што дискутираме. Предлагам дискусијата да ја продолжеме на наредната конференција. Не сме ние кој како ќе му текне така да бара. Секое дејствие треба да биде законски основано, полицијата не може да ја користеме за заплашување.

**Виолета Милчовска:** Началникот е во право.Труењето на кучињата не е кривично дело.АХВ е надлежен. Понатаму се што ќе се изврши дополнително е злоупотреба.

Општината е тука ќе каже што понатаму.

Донесени заклучоци – активности после состанокот

| *АКДИВНОСТИ/ЗАДАЧИ* |
| --- |
| ***Поради зголемен интерес и потреба за дополнителни дискусии дел од точките да бидат повторно ставен за следната конференција на Локалниот совет за превенција.***<br><br>***1.Бесправна сеча и трговија на дрвја на подрачје на Општина Струмица;***<br><br>***2.Дрвосечачки машини и нивното присуство на патиштата.***<br><br>***3.Труење на кучиња во Општина Струмица.*** |

**Ѓорги Аризанов:** Почитувани ви благодарам на сите за вашето присуство, се гледаме на следниот ЛСП Струмица.
Ви благодарам !!!

**Изработил:**
**Ѓорги Аризанов, секретар на ЛСП**